## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 07. 10. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4790 | 1 | |


# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

### Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Фокус на анализа останува централната дневно-информативна емисија што ТВ Шења секојдневно ја емитува во 18:55 часот. Во овој трет последователен извештаен период вкупното времетраење на прилозите што се предмет на методолошка обработка изнесува 3 часа 15 минути и 7 секунди.

Доминантен дел од ова време отпаѓа на претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар) изјави, застапени со 2 часа 56 минути и 49 секунди (Табела 1). Преостанатите 18 минути и 18 секунди се новинарски осврти.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:05 | 7,96 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:35 | 3,72 | % |
| Влада на РМ | 00:17:17 | 9,77 | % |
| Други субјекти | 00:08:47 | 4,97 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:26 | 5,34 | % |
| Локална самоуправа | 00:05:03 | 2,86 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:44 | 3,81 | % |
| Собрание на РМ | 00:08:45 | 4,95 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:37 | 3,74 | % |
| Беса | 00:08:45 | 4,95 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:00 | 2,83 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:35 | 2,03 | % |
| Специјално обвинителство | 00:10:58 | 6,20 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:46 | 0,43 | % |
| Шарена револуција | 00:03:12 | 1,81 | % |
| СДСМ | 00:06:43 | 3,80 | % |
| Без субјекти | 00:32:11 | 18,20 | % |
| Судство | 00:11:38 | 6,58 | % |
| Опозициски совет | 00:01:40 | 0,94 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:02:27 | 1,39 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:24 | 2,49 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:36 | 0,90 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:35 | 0,33 | % |
| | **Вкупно: 02:56:49** | 100 | % |

Вкупно 24 субјекти добиле простор во вестите на ТВ Шења во третиот извештаен период од 22 септември до 1 октомври. Двоцифрена процентуална застапеност има само категоријата кодирана како *„без субјекти"*, којашто зазема безмалку една петтина од вкупното време на анализираните прилози. Неколку настани од извештајниот период придонесуваат за нејзиниот удел. Пред се тоа се однесува на информациите поврзани со настаните со превозот на средношколците од Тетово, за коишто, медиумите што емитуваат програма на албански јазик, информираа во континуитет. Еден од носечките субјекти во овие прилози се самите ученици, било да се говори за нив од страна на медиумот или им е отстапен простор да го дадат своето видување за проблемот. Медиумот емитува и ред други прилози кадешто главен акцент е ставен на граѓаните, коишто согласно методолошките напомени, ги кодираме како *„без субјекти"*. Такви се прилозите поврзани со неколку судски процеси (во јавноста познати како „Монструм", „Сопот", „Кумановскиот случај", „Убиството на командант Шкипоња") кадешто со изјави се јавуваат роднини на лицата на коишто им се суди, да го изнесат својот дел од приказната. Телевизијата емитува и прилози со социјална тематика, за ранливи категории граѓани.

Според присутноста како субјект следуваат претставниците на *Владата*, застапени преку вистинити и релевантни активности поврзани со информации за нивните редовни надлежности (пренесени ставовите на Министерството за образование во врска со проблемите на тетовските средношколци, средба Попоски-Коѕиас во ОН, реакција на Министерството за надворешни работи во врска со мигрантите, средба Димитриев-Борисов во Виена, расправа за предлог буџетот за 2017 година, ставови на Министерството за животна средина во врска со загадувачот Југохром и др.).

Третозастапена како субјект во вестите на ТВ Шења е категоријата *амбасадори/меѓународни организации/странски политичари*. Прилозите во коишто се известува за средбите на наши политичари со странски претставници (Попоски-Коѕиас, Димитриев-Борисов), потоа прилозите за активностите на странските дипломати во Македонија (обраќање на претставници на Американската амбасада по повод кампањата за подигање на свеста за ракот на дојка) и на меѓународни институции (извештај на Светска банка за Македонија), придонесоа во извештајниот период оваа категорија субјекти да е меѓу најзастапените.

Медиумот одвоил простор за вкупно 9 политички субјекти. Ставовите по одредени прашања се посредно и непосредно (со отстапен простор за директно обраќање) пренесени на седум политички субјекти: ДУИ, ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДПА, Беса, НДП, Опозициски совет. За два од политичките субјекти (СПМ и независни пратенички) се говори во по еден прилог.

Емитувани се шест новинарски осврти со вкупно времетраење од 18 минути и 18 секунди. „Избори на 11 декември – партиите предвреме излегоа на терен“ е насловот на првиот осврт којшто трае 2 минути и 20 секунди. Следуваат „Основни приватни училишта – Министерството за образование во противречност со Уставот“ (трае 2 минути и 39 секунди), „Квалитетот на образованието – Дали се подготвува спојување на Универзитетот на Југоисточна Европа со „Мајка Тереза?“ (трае 3 минути и 29 секунди), „Специјално обвинителство – Т на СЈО симболика или случајност“ (трае 4 минути и 20 секунди), „Правична застапеност – Пазарен инспекторат, Албанците деградирани“ (трае 2 минути и 23 секунди) и „Избори – Нов предизвик за пратениците од дијаспората“ (трае 2 минути и 13 секунди). Телевизијата известува со неутрален тон и рамка.

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Шења | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:15 | 6,09 % |
| Специјално обвинителство | 00:02:21 | 6,37 % |
| Влада на РМ | 00:04:08 | 11,20 % |
| Беса | 00:03:16 | 8,85 % |
| Граѓански сектор | 00:03:36 | 9,75 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:33 | 6,91 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:17 | 3,48 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:25 | 9,26 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:15 | 11,51 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:40 | 7,22 % |
| СДСМ | 00:01:55 | 5,19 % |
| Опозициски совет | 00:00:50 | 2,26 % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:40 | 1,81 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:28 | 1,26 % |
| Собрание на РМ | 00:00:19 | 0,86 % |
| Други субјекти | 00:02:57 | 7,99 % |
| | Вкупно: 00:36:55 | 100 % |

Во релативно малиот обем директни обраќања (вкупно 36 минути и 55 секунди), една петтина од тоа време, заедно, заземаат директните обраќања на претставниците на ДУИ и на претставниците на Владата, коишто се подеднакво застапени, со по 4 минути. Според временската застапеност следуваат претставниците на граѓанскиот сектор, експерти/аналитичари, партијата Беса итн.

## *Посебни информативни емисии*

### *Интервју*

Во рамки на емисијата „Светот во фокусот", посветена на теми коишто се најчесто од надворешна и меѓународна политика, гостин е Алајдин Демири, поранешен амбасадор на РМ во Швајцарија и аналитичар на состојбите. Тема на емисијата е референдумот во Република Српска и можните последици во регионот, вклучително и во Македонија. Интервјуто е емитувано на 26 септември и истото е репризирано уште три пати, два пати, наредниот ден на 26 септември и еднаш на 1 октомври.

### *Друга информативна програма*

Во третиот извештаен период, од 22 септември до 1 октомври, ТВ Шења емитуваше едно премиерно и четири репризни изданија на информативната емисија „Неделно ретро" (Retro javore). Премиерното издание беше емитувано на 25 септември, и истото беше репризирано уште два пати, на 26 и 27 септември. Другите две репризи се однесуваат на изданието на емисијата од 18 септември, а беа емитувани на 25 и 26 септември. Емисијата е составена од прилози за настани што се случиле во текот на претходните денови.

***Сектор за програмски работи***